Врз основа на член 22 став 1 алинеја 6, и став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16 198/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ 143/19 и 14/20), член 22 став 1 алинеја 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09,149/09 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16,120/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“110/19, 267/2020, 151/2021 и 288/2021), Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**БРОЈ 3/2023**
**за вработување на 1 (еден ) посебен советник во кабинетот на министерот за животна средина и просторно планирање на определено време**

Министерството за животна средина и просторно планирање објавува оглас за вработување на 1 лице на определено време, до истекот на мандатот на министерот, на следнива позиција:

1. Посебен советник за координација на проекти - 1 извршител ;

   Потребни квалификации:
   - ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; Технолошко-металуршки факултет ;
   - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) ;
   - активно познавање на компјутерски програми, работно искуство во работа со проекти, и обработка на информации и база на податоци се смета за предност.

   Покрај горенаведените потребни квалификации, кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолентен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Работно време од 8:30 - 16:30 часот, односно 40 часа неделно;
нето плата : 50.000,00 денари.
Заинтересираните кандидати треба да ја достават следната документација:

- мотивационо писмо,
- кратка биографија,
- копија од уверение за државјанство,
- копија од диплома за завршен факултет,
- како и други дипломи и сертификати кои ги поседуваат а се релевантни за работното место.

Потребната документација да се достави во затворен коверт директно до Архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање, или по пошта на следнава адреса:

**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**бул. „Пресвета Богородица “ бр.3**
**Кабинет за министер**
**(со назнака „за оглас за вработување“)**

Рокот за оставување на потребната документација е три (3) дена, сметано од денот на објавување на огласот. Ненавременатa, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледувана. По извршената селекција на пријавените кандидати за пополнување на наведеното работно место, избраните кандидати ќе бидат дополнително повикани на интервју во просториите на Министерството. Министерството ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

**Министерството за животна средина и просторно планирање**